Михајло МИНОСКИ

# ДВА ДОКУМЕНТА ЗА АКЦИЈАТА НА ПРИЛЕПЧАНИ ОД 1887 ГОДИНА ЗА МАКЕДОНСКОТО НАРОДНО УЧИЛИШТЕ И САМОСТОЈНА ЦРКВА

Во почетокот на јули 1887 година прилепчани презеле организирана акција за народно училиште и самостојна црква. Акцијата претставувала само продолжување на борбата што со истите цели ја повеле две децении пред тоа, кога формирале своја општина.

Прилепската општина била формирана во половината на 1867 година во времето на борбата за целосно елиминирање на грчкото влијание.[1]) Притоа, во јуни истата година, ги известиле властите дека ја отфрлаат и понатаму нема да ја признаваат јурисдикцијата на Патријаршијата и дека бараат сопствена, самостојна народна црква.[2])

---

[1]) За борбата за отстранување на грчкото духовно влијание, за елиминирање на грчкиот јазик од црквата и училиштата и за образование и вероисповед на народен македонски јазик види: Хр. Шалдевъ, Погледъ върху църковното училищно дѣло въ градъ Прилепъ.

Ракопис. — Историски архив—Прилеп, фонд: Црковношколска општина, д.н. 84; Градъ Прилепъ за своите училища. — Македонски прегледъ. — София, 1924/I, кн. II, 38—51; Райко Жинзифов, Димитрий и Константин Миладинови. — День, — Москва, 17.XI.1862, 14—18; И. Ивановъ, Учебното дыло вь гр. Прилепь и Прилепско. — Илюстрапия Илиндень. — София, 1939/XI, 9 (109), 10—12; Никола Еничеревь, Воспоминания и бьлежни. — София, 1906; К. Шапкаревь, Описание на градь Прилепь сь околностьта му, на молбенить и учебнить му заведения. — Читалище. — Цариградь, 1872/III, 2, 428; Ристо Кантарџиев, Школството и просветата во Македонија во периодот на преродбата. — Школство, просвета и култура во Македонија во времето на преродбата. — Скопје, 1979, 19—42; Милан Стојкоски, Просветната дејност во Прилеп и борбата за еманципација од грчкото влијание во времето на преродбата. — Школство, просвета и култура..., 351—376; Ал. Трајановски, Просветната дејност на Прилепската црковно-училишна општина во времето кога нејзин член бил Марко Цепенков. — Историја. — Скопје, 1980/XII, 1, 144—145 и сл.; Крсте Битоски, За дејноста на Прилепската општина во XIX век, — Стремеж, — Прилиеп, 1968/XIV, 9, 24 и сл.

[2]) „Прилепската околност го отфрли грчкото ропство и си ја побара грабнатата од проклетите фанариоти, пред еден век, народна Охридска архиепископија на 20 јуни 1867 година, а денеска се состави градска општина од 12 члена и еден свештеник". (Љубен Лапе, Одбрани четива за историјата на македонскиот народ. II. — Скопје, 1966, 86).

Меѓутоа, во тоа време во Македонија, при тоа и во Прилеп започнала да проникнува бугарската просвета и пропаганда.[3]) Бугарската буржоазија и интелигенцијата пројавувале определени денационализаторски и асимилизаторски стремежи кон македонскиот народ.[4]) Тие стремежи биле интензивирани и добиле силен замав по формирањето на бугарската Егзархија во 1870 година.[5])

Егзархијата, по создавањето на Бугарското кнежевство во 1878 година, станала најважен орган и експонент на великодржавната завојувачка политика во однос на Македонија.[6]) Користејќи се со моќната поддршка на руските дипломати во Цариград успеала да издејствува од турската централна власт многу македонски епархии да стави под своја јурисдикција, со поставување на свои митрополити.[7]) За што поцелосно остварување на својата улога на „спроводник на бугарското влијание".[8]) Егзархијата презела ред мерки и не бирала средства за да го стави под своја непосредна контрола училишното дело во Македонија.

Македонските граѓани групирани во своите општини „претставувале тврда карпа од која можеле да се разбијат редица егзархиски мерки во Македонија".[9]) Тоа посебно се однесува на Прилепската општина која долго успеала да зачува автономност во уредувањето на училишното дело, одбегнувајќи дури и формално поврзување со егзархиската институција.[10]) Затоа

---

[3]) Ристо Кантарџиев, Школството и просветата во Македонија во периодот на преродбата.., 40.

[4]) Д-р Славко Димевски, Општествената и економската положба на македонскиот народ и развитокот на македонската национална мисла пред и во времето на Кресненското востание. Во зб.: Устав на Македонскиот востанички комитет во Кресненското востание. — Скопје, 1980, 27.

[5]) Формирањето на бугарската Егзархија било санкционирано со султанскиот ферман од 28 февруари.

[6]) Ѓорѓи Абаџиев, Егејска Македонија во нашата национална преродба. Во: Егејска Македонија во нашата историја. — Скопје, 1951, 136.

[7]) Прво Велешката во 1872, а потоа и Охридската и Скопската епархија, во 1874 година.

[8]) Блаже Конески, Кон македонската преродба. — Скопје, 1959, 24.

[9]) Ѓорѓи Абаџиев, Егејска Македонија во нашата национална преродба..., 147.

[10]) Прилепската општина категорички одбивала да прифати применување на уредбите и правилниците на бугарската Егзархија, а училишното дело го уредувала со свој Правилник изработен од училишното настојателство, „усогласен со месните услови". (Хр. Шалдевъ, Градъ Прилѣпъ за своите училища. — Македонски преглед. — София, 1924/I, кн. II, 38—51; Александар Трајановски, Просветната дејност на Прилепската црковно-училишна општина во времето кога нејзин член бил Марко Цепенков. — Историја. — Скопје, 1980/XVI, 1, 144).

бугарската Егзархија уште повеќе го засилила притисокот користејќи се со најразлични средства за да ја преземе Прилепската општина и во училиштата и црквата да го наметне бугарскиот јазик. Во такви услови прилепчани, предводени од месниот свештеник Спасе Игуменов, презеле акција за решавачка пресметка со Егзархијата и нејзините големобугарски стремежи.[11])

Двата документа што ги презентираме се од суштествено значење за целосно расветлување на активноста и акциите на прилепчани во половината на 1887 година, за македонско народно училиште и самостојна црква.

Првиот документ (Док. бр. 1) е извештај на српскиот генерален конзул од Солун до Јован Ристиќ, претседател на владата и министер за надворешни работи во Белград, во кој, покрај останатото, известувал за акцијата на прилепчани од 2 јули 1887 година за формирање на посебна црква. При тоа конзулот изнесува поодделности за контактите што ги остварил како и за мерките што ги презел за да може акцијата да се искористи согласно со потребите на српската државна политика и за подготвување на теренот за ширење на српската пропаганда во тој дел на Македонија. Го пренесуваме само делот од извештајот што се однесува на оваа акција.

Вториот документ (Док. бр. 2) е Изјава на 26 видни личности кои од името на жителите на Прилеп ја известувале турската централна власт дека не ја признаваат бугарската Егзархија; нејзините училишта и нејзината црковна општина. При тоа го изнесле своето категорично барање за македонско народно училиште и самостојна црква.

Овој автентичен документ, со потписи на 26 угледни претставници на Прилеп, при кое првопотпишан е свештеникот Спасе Игуменов, е потврден и со два печата[11а] на месни првенци.

---

[11]) За борбата против бугарската Егзархија и нејзините стремежи во Македонија, при тоа и за противегзархиската борба во Прилеп, види: Славко Димевски, Некои моменти од антиегзархиското движење до создавањето на ВМРО. — Гласник на Институтот за национална историја. — Скопје, 1961/V, 2, 179—200; Д-р Климент Џамбазовски, Културно-општествените врски на Македонците со Србија во текот на XIX век. — Скопје, 1960, 171—174.

[11а]) Во кружна форма, со текст на арапски, кој гласи: — на првиот печат: „Прв мухтар (старешина) на маалата папа Илија, 1278 (1861/62)". — на вториот печат: „Прв мухтар на маалата папа Антиган (Интиган?), 1278 (,)". (Според д-р Александар Матковски).

## Док. бр. 1

### ИЗВЕШТАЈ НА СРПСКИОТ ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛ ОД СОЛУН ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА И МИНИСТЕР ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ ВО БЕЛГРАД ЈОВАН РИСТИЌ.[12])

Крал. срп. генерален конзулат                    Солун, 22 јули 1887
Пов. Бр. 41

До

Господинот Јован Ристиќ, претседател на министерскиот совет и министер за надворешни работи

Белград

Године министер-претседателе,

Имам чест да потврдам дека го примив вашиот пов. бр. 560 од 3 минатиот месец по кој ќе се придржувам во врска со нашата работа во Македонија.

Отприлика пред еден месец овде дојдоа Копривица[13] и Правица,[14]) испратени од друштвото Св. Сава. Јас ги испратив во Прилеп. Деновиве Копривица се врати назад (во Солун — б.н. — М.М.) изјавувајќи дека немаат од што да се издржуваат, и покрај тоа што од друштвото Св. Сава примиле голема сума од 2.400 динари. Притоа *од тамошната општина, отцепена од Бугарите ми ја донесе следнава изјава што ви ја доставувам во прилог* (курзивот е наш — М.М).

---

[12]) Архив Савезног секретаријата иностраних послова (АССИП) — Београд. Фонд: Министарство иностраних послова, политичко оделење (МИП ПО), П—3, Ф. I. Пов. Бр. 41/22 јула 1887.

[13]) Шпира Копривица, заедно со д-р Светислав Правица, еден од првите агенти на српската пропаганда во Прилеп. Тие во половината на 1887 година, со согласност на друштвото „Св. Сава", преку Цариград, пристигнале во Прилеп, со задача да отворат српско училиште. При тоа тие истапувале како турски поданици. (Д-р Климе Џамбазовски, Културно -општествените врски на Македонците со Србија..., 171).

[14]) Д-р Светислав Правица, агент на српската пропаганда, со својата сопруга и со Шпира Копривица се населил во Прилеп со цел да работи на ширење на српската пропаганда. Како лекар помагајќи му на населението, имал за задача активно да го помага и да работи на отворањето на српското училиште во градот во кое како учители требало да работат неговата сопруга и Копривица. (Д-р Климент Џамбазовски, Културно-општествените врски на Македонците со Србија.., 171—174; Славко Димевски, Некои моменти од антиегзархиското движење.., 184—187).

Со првопотпишаниот поп Спасе Игуменов, при неговото поминување овде на пат за Цариград, јас зборував и го одвраќав да не ја признава унијата на (името нечитливо).[15])

Егзархот него го повикал во Цариград, но тој вели дека егзархот нема право над него. За да го одбегнат тоа тие (прилепчани — б.н. — М.М.) побарале покровителство од папата и дека тој не ја сака Егзархијата.

Јас го советував и го упатив до господинот Новаковиќ[16]), тој кај Патријаршијата да издејствува да им се одобри да се отцепат од бугарската Егзархија и да формираат своја посебна црква. За училиште јас се погрижив. Им испртив еден ученик за учител. Бидејќи тие бараат уште еден, ќе им испратам од Паланка. Таму имам двајца а засега ќе биде доволно само еден, бидејќи општината е помала а прилепската има до 400 ученици.

Со Правица и Копривица не сум наполно задоволен бидејќи се непостојани луѓе, а како што јавив Копривица веќе се вратил во Цариград. Правица е уште во Прилеп и ќе гледам малку да го помогнам, а тој како лекар ќе може сам за себе нешто да заработува. Ова ќе морам да го правам уште некое време бидејќи ми е потребен, додека не ги воведам во работата нашите нови учители.

Док. бр. 2

## И З Ј А В А[17])

*Ние долупотпишаните од град Прилеп,* поданици на Неговото Императорство и Величество, августејшиот султан Абдул Ха-

---

[15]) Унијатството во Македонија започнало поинтензивно да се шири во 60-те години на XIX век. Во тоа време унијатско-католичката пропаганда ја користела борбата на македонскиот народ против Цариградската патријаршија за да го преведе во католицизам и му дозволувала богослужбата во црквите да се изведува на словенски јазик. Во повеќе градови и села во Македонија биле отворени унијатско-католички училишта со настава на македонски јазик. Така во добро уреденото училиште во Битола наставата била бесплатна и се изведувала на мајчин јазик а учениците добивале бесплатно и храна и облека". (Ристо Кантарџиев, Школството и просветата во Македонија во периодот на преродбата..., 29—30. За католичката пропаганда в унијатското движење во Македонија повеќе види: Rudolf Grulch, Die unierte Kirche in Mazedonien (1856—1919). — Würzburg, 1977).

[16]) Стојан Новаковиќ истакнат српски политичар, општествен работник и дипломат. Во ноември 1886 година бил поставен за српски пратеник во Цариград, на местото на Јеврем Груиќ. Добро упатен со сета дотогашна активност на српската пропаганда во Македонија тој активно учествувал и раководел со сите позначајни акции во годините по тоа. „Неговото доаѓање во Цариград означувало активизирање на српската национална пропаганда во Отоманското царство". (Д-р Климент Џамбазовски, Културно-општествените врски на Македонците со Србија, 168).

[17]) Архив Савезног секретаријата иностраних послова — Београд, Фонд: Министарство иностраних послова, политичко оделење (АССИП), МИП ПО, П—3, Ф. I, Пов. Бр. 41. Прилог: Изјавление, 2. 07. 1887.

мид II-ри, *сакаме да имаме македонско народно училиште, Бидејќи ние не сме родум Бугари, затоа не познаваме ни Бугарска Ц(рковна) Општина и ни нивните училишт*а (курзивот е наш — М.М.).

За религиозна заштита го познаваме папата, но без измена на догмите на православната црква.[18])

2 1887 г. јули
Прилеп

(печати)

Свештеник Спасе Игуменов

Димче Чорапков
Диме Талев
Георгос Хризи
Аце Тодор
Даме Иле
Посва Јоанков
Цветан
Ицо Чутан
Јосе Азарче
Тале Костов
Коне Напров
Јона Илар
Јован Момир
Никола Јонов
Мирче Божино

Тодор В. Пантов
Аце Трајков
Ицо Јосев
Ристо Конев
Јанко Танов, учител
Огнан Димов
Тодор Крапче
Коне Димов
Коне Нарезов
Кочо Грујо

---

[18]) Со тоа се сметало да се постигнат две цели: канонско признавање за македонската црква од Рим и заштита од дипломатските претставници на големите католички држави: Австро-Унгарија и Франција. Игуманов се обратил до апостолскиот нунциј во Цариград и побарал признавање на „Македонското православно општество" во Прилеп врз база на унија со Римокатоличката црква. Апостолскиот нунциј бил готов да ја признае општината под предложеното име, но не се согласил со нејзиниот автономен статус. Сакал да ја потчини на унијатската епископија во Македонија. Игуменов се согласил со предлогот на апостолскиот нунциј, барајќи унијатската епископија да носи македонско, а не бугарско име. (Славко Димевски, Некои моменти од анзиегзархиското движење до создавањето на ВМРО.., 186—187).

Во врска со тоа и биле прекинати понатамошните преговори бидејќи и двете страни останале цврсто на своите ставови.

За преговорите на Спасе Игуменов со претставникот на Римокатоличката црква во Цариград види: Haus, Hof-und Staatsarchiv, Wien, Politisches Archiv, Konsulate 1848—1918. (AM. M. XVII/195) Salonik, 20 März 1888.